Универзитет "Св. Кирил и Методиј"
ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ
Бр. 04-1564/06
18.02.2007 год.
Скопје

Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје, на својата X редовна седница, одржана на 10.01.2007 година, донесе Одлука за формирање рецензентска комисија за избор на наставник (во сите звања) за научните области: Филозофија на политиката, Социологија на медицината, Социологија на здравјето и болеста, и Филозофија (општ курс). Со респект кон укажаната доверба, Комисијата има чест на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје да му го поднесе следниот

# РЕФЕРАТ

За избор (во сите звања) пријава поднесе д-р Бранислав Саркањац, вонреден професор по наведените предмети, при Институтот за филозофија на Филозофскиот факултет во Скопје. Врз основа на член 130 од Законот за високото образование, член 53 од Статутот на Филозофскиот факлутет во Скопје и член 30 од Правилникот за единствени критериуми и постапката за избор на наставно-научни и соработнички звања на Универзитетот "Св.Кирил и Методиј" во Скопје, Комисијата ја разгледа Пријавата поднесена од д-р Бранислав Саркањац, како и доставените материјали.

Покрај Пријавата, кандидатот ги поднесе и следните документи:

1. Биографија
2. Список на трудови
3. Список на преводи
4. Објавените трудови, како и трудови подготвени за печат
5. Објавените преводи

## Преглед и оценка на објавените научни и стручни трудови, како и текстови подготвени за печат

Од претходниот избор во звањето Вонреден професор по предметите **Филозофија на политика** и **Социологија на медицината** кандидатот д-р Бранислав Саркањац објавил една книга под наслов *Македонски кайахрезис*, Форум, Скопје, 2004 (Второ издание, со предговор кон Второто издание), додека втората книга *Јавно здравје и здравсйвена реформа - йолийички и социолошки асйекйи,* Филозофски факултет, Скопје, 2006, во финална форма и подготвена за печат, ја поднесе на увид на Комисијата.

Во **Списокот на стручни текстови**, кандидатот наведе список од 13 единици, оод кои наедно достави по еден примерок.

И во рубриката **Преводи** д-р Бранислав Саркањац ги наведе двата преводи, доставувајќи за Комисијата по еден примерок. То се: 1. Лудвиг Витгенштајн. *Логичко-филозофски трактат*, Магор, Скопје, 2002 (со предговор од преведувачот под наслов "Подарокот на Витгенштајн"); 2. Лудвиг Витгенштајн, "Јазикот и јазичните игри" во Иван Џепаровски (приредувач), *Естетика на играта*, Култура, Скопје, 2003,

Конечно, кандидатот ги наведува и 15-тина **Интервјуа**, 40-тина **Колумни**, како и објавени **Текстови во неделни весници** без наведување бројка, сите достапни на сајтовите, односно, на интернетот.

Објавените и приложени текстови, по своите наслови посочуваат, а по својата проблематика и начинот на реализацијата јасно потврдуваат, дека кандидатот д-р Бранислав Саркањац систематски го фокусирал својот научно истражувачки интерес врз научните области покриени со проблематиката на предметите кои досега ги предавал, односно за кои сега конкурира како предавач. Ова конкретно значи дека тој и со својот општествен, екстракурикуларен ангажман, и со својата теориска работа, им се посветува на трите основни научни области: 1, **Филозофијата**; 2. **Социологија на медицината**; 3. **Филозофија на политика**, со нагласени елементи на јасно профилиран политички интерес и суптилен усет за политичката реалност на мултиетничката Македонија.

Во склопот на филозофијата, го истакнуваме неговото дело *Македонски катахрезис*. Со оглед на фактот што за значењето и вредностите на ова дело веќе сме пишувале, доволно е да истакнеме дека самиот податок оти станува збор за второто издание, недвосмислено потврдува колку оваа книга била и останала актуелна во нашата средина, и каква е нејзината рецепција во македонските стручни кругови и пошироката читателска јавност. Предговорот за Второто издание овие квалитети само дополнително ги потенцира, при што авторот ја демонстрира и својата отвореност за брзите и длабоки промени низ кои, во периодот на транзиција, поминува Македонија, како и поширокиот регион.

Во овој склоп секако дека треба да се истакнат и текстовите "Дали насилството е единствена опција?" , објавен

текст, концентрирани се и презентирани клучните теориски размислувања и општествено-институционални зафати во сферата на социо-културните аспекти на здравјето и болеста во науката и законодавната регулатива на САД, несомнено најразвиената држава во современиот свет. Презентирајќи го најактуелниот, биосоциопсихолошкиот модел на здравјето, д-р Бранислав Саркањац демонстрира не само исклучително познавање на проблемите на кои реферира во овој свој текст, туку го потврдува својот филозофски капацитет да извлече оргинални синтетички импликации кои одат отаде непосредно сугерираната аргументација и кои реално претставуваат иновативни согледувања. Во тој контекст, неговото предупредување дека *социологијата на медицината никогаш не била автореферентна дисциплина,* туку дека таа *нужно ја мисли и својата политичка ориентација*, со оглед на интегралниот карактер на општествениот живот во најразвиените современи општества, дополнително го потврдува тој нагласено критички капацитет и респектот за фундаменталните вредности на човековиот живот.

Комисијата смета за потребно да посочи и кон ангажманот на д-р Саркањац во сферата на естетското, односно, уметничкото творештво. Во континуитет со неколгку значајни ликовни манифестации, на кои даде клучен концепциски придонес, кандидатот во овој период објави и текстови во списанието *Praesens – central european contemporary art review,* кое се печати во Будимпешта, и тоа на унгарски и на англиски јазик.

## ЗАКЛУЧОК

Од приложениот материјал, како и од прегледот на активноста и вонкурикуларниот ангажман на кандидатот д-р Бранислав Саркањац, јасно се демонстрирани следните моменти, битни за формирањето оценка на кандидатот и предлогот за неговиот избор во определено звање. Најнапред, во склопот на наставната дејност, д-р Бранислав Саркањац успешно покрива неколку важни дисциплини на нашиот Универзитет; во сферата на својата професионална насоженост, тој покажува постојан интерес за најновите движења во подрачјето за кое примарно се интересира, потврдувајќи го тоа со компетентни научни и стручни прилози;

комуникативен и витално заинтересиран за активен придонес во нашата социјална, политичка и генерално, општествена ситуација, кандидатот е и исклучително активно вклучен во низа институции, совети, бордови, и организации кои имаат важна улога во процесите на транзицијата низ кои минува македонското општество.

Со оглед на неговиот ефикасен и одговорен педагошки, теориски, стручен, и општествен ангажман, потврден со уверливи резултати, демонстрирани во неговите објавени трудови, како и во конкретниот придонес во низа значајни проекти поврзани со најургентните аспекти на нашата реалност, кои оправдано го воведоа во највисоката орбита на нашите еминентни современи воспитувачи, интелектуалци, теоретичари и општествени дејци, Комисијата смета дека кандидатот ги исполнил и ги надминал стандардите за звањето кое го имал досега, заради што со особено задоволство, има чест на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет да му предложи, д-р Бранислав Саркањац да го избере во звањето **редовен професор**.

Со почит,

**Комисија:**

1. Проф. д-р Ферид Мухиќ
2. Проф. д-р Стефан Костовски
3. Проф. д-р Вера Герогиева-Петковска

Универзитет ... Филозофски факултет
Бр. 04-1564/06
24.04 2007 год.
Скопје

Врз основа на член 75, 133, 141 и 142 од Законот за високото образование, а согласно извештајот на Рецензентската комисија објавен во Билтен бр. 914/573 од 1. III 2007 година, Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје, на својата XII редовна седница, одржана на 18 IV 2007 година, донесе

# О Д Л У К А
за избор на наставник

I

**1. Д-р Бранислав Саркањац** , вонреден професор по предметите: филозофија на политиката и филозофија и социологија на медицината на Институтот за филозофија на Филозофскиот факултет во Скопје, се и з б и р а во звањето **редовен професор** за научните области : Филозофија на политиката, Социологија на медицината, Социологија на здравјето и болеста и Филозофија , за време од 5 (пет) години од денот на изборот.

**2.** Со извршениот избор именуваниот-ата засновува работен однос за времето на кое е избран-а, сметано од 19. IV 2007 година.

II

Со именуваниот-ата ќе се склучи договор за работа.

III

По еден примерок од одлуката да се достави на : именуваниот-ата, досието, Одделението за општи, правни, персонални и наставни работи и архивата на Факултетот.

Д Е К А Н
на Филозофскиот факултет
Проф. д-р Трајан Гоцевски